

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

# Содржина:

Финансов сектор........................................................................................ 1
Наплата 1-9.............................................................................................. 4
МРТВ......................................................................................................... 5
Кабелски оператори..................................................................................... 6
Дигитални сервиси....................................................................................... 8
Фонд за распределба на авторски надоместок............................................... 9
Исплата од/кон странство............................................................................ 11
Сектор за перцепција.................................................................................. 12
Сектор за репартиција................................................................................ 15
Сектор за документација и меѓународна соработка...................................... 18

ЗАМП е непрофитна организација со единствена дејност, колективно остварување на правата на авторите и носителите на права. ЗАМП има за цел да го промовира повторното растење и разновидност на македонската музичка индустрија, општествено корисна мисија што се разликува од другите на пазарот.

Нашата мисија е секој корисник на авторски музички дела во јавноста соодветно да плати за користењето, а следствено авторот да го добие авторскиот надоместок.

ЗАМП лиценцира музика од целиот свет, го дистрибуира приходот до индивидуалните носители на правата, како македонски, така и странски. Ова значи дека оние кои сакаат да користат музика, преку ЗАМП можат лесно да пристапат до милиони музички дела, а носителот на музичките правата добива надоместок за тоа, за да може да се создаде нова музика. На овој начин, ЗАМП има голема централна улога во музичкиот екосистем.

Врз основа на меѓувладини договори и договори за реципроцитет на ЗАМП со други организации за колективно оствраување на права ширум светот, правата на домашната и меѓународната музика во Македонија се заштитени.

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2023 година.



# Вкупна наплата - Финансов сектор

## 2023 ГОДИНА

Вкупната наплата во календарската 2023 година изнесува 115.258.037,00 денари што во однос на 2022 година претставува намалување од 10.070.082,00 денари или процентално намалување од 8,03%.



| Ред. бр. | КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА | НАПЛАТА во 2022 год. | НАПЛАТА во 2023 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА | 215,505.00 | 216,172.00 |
| 2 | КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА | 6,644,942.00 | 10.049.147,00 |
| 3 | ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ И ЖИВА МУЗИКА | 9,073,895.00 | 13.124.629,00 |
| 4 | ХОРЕКА и објекти со механичка музика | 41,521,084.00 | 37.218.331,00 |
| 5 | КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО-ТЕЛЕВИЗИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | 10,296,878.00 | 6.254.513,00 |
| 6 | МРТВ | 14,500,000.00 | 13.388.368,00 |
| 7 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно договори и Правилник со Тарифа за музички права) | 42,696,261.00 | 34.994.277,00 |
|  | **ВКУПНО (1-7)** | **124,948,565.00** | **115,245,437.00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | ДИГИТАЛНИ СЕРВИСИ | 370,554.00 | 0.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | МЕХАНИЧКА РЕПРОДУКЦИЈА | 9,000.00 | 12.600,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
|  | **СЕ ВКУПНО (1-9)** | **125,328,119.00** | **115.258.037,00** |

# НАПЛАТА 1 - 9


2021
2022
2023
50000000.00
40000000.00
30000000.00
20000000.00
10000000.00
0.00
КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА
КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА
ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ И ЖИВА МУЗИКА
ХОРЕКА и објекти со механичка музика
КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО-ТВ ОРГАНИЗАЦИИ
МРТВ
КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ
ДИГИТАЛНИ СЕРВИСИ
МЕХАНИЧКА РЕПРОДУКЦИЈА

# МРТВ

## 2023

Во 2023 година наплатени се вкупно 13.388.368,00 денари од МРТВ што во однос на 2022 година преставува намалување од 1.111.632,00 денари, или во процентуален износ од 7,67%.

**14,500,000.00**
МРТВ **2022** год.

**13.388.368,00**
МРТВ **2023** год.

# КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ




Од кабелските оператори во 2023 година наплатени се 34.994.277,00 денари по основ на музички права согласно на потпишаниот Договор за реемитување на музички содржини во телевизиски и радио програми со кабелските оператори како и Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела на ЗАМП, што во однос на наплатата од претходната година претставува намалување од 7.701.984,00 денари или намалување изразено во процентуален износ од 18,04%.

Согласно Генералниот лиценцен договор со кабелските оператори од страна на странските иматели на права CORINT Media, RTL и EBU за правата кои тие ги застапуваат наплатени се вкупно 3.463.679,00 денари. ЗАМП, како полномошник за вршење на административно-техничките работи во име на странските иматели на права, а во согласност со Сервисните годовори му припаѓа приход од 10% од наплатените парични средства во износ од 346.368,00 денари. По одбивањето на договорната провизија од наплатените средства согласно ГЛА договорите преостанатите средства од 90% им припаѓаат на странските иматели на права.

# КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ

**Согласно Генералниот лиценцен договор за кабелско реемитување во 2023 година надоместоците за странските иматели на права членките на EBU координацијата, RTL и CORINT MEDIA изнесуваат 3.144.936,00 денари и истите ќе бидат предмет на исплата во 2024 година.**

**Исплатени се обврските за претходните години према имателите на права и тоа: RTCG-Црна Гора, HRT-Хрватска, ARTE-Франција, RAI-Италија (како членки на ЕБУ), RTL и CORINT MEDIA во вкупен износ од 7.246.495,00 денари.**

# ДИГИТАЛНИ СЕРВИСИ И МЕХАНИЧКА РЕПРОДУКЦИЈА

Во 2023 година наплатени се и 150.751,00 денари по основ на јавно соопштување на несценски музички дела преку дигиталните сервиси согласно потпишаниот договор за застапување бр. 30-1024/1 од 04.03.2019 год. со авторското друштво од Србија-СОКОЈ. Прибраните средства ќе бидат исплатени на македонските автори со поединечни пресметки.

Во 2023 година наплатата од механичка репродукција е во износ од 12.600,00 денари.

**Наплатените парични средства од дигиталните сервиси и механичката репродукција се исплатуваат со поединечни пресметки и не се составен дел од масата за распределба за 2023 година.**



# ФОНД ЗА РАСПРЕДЕЛБА

Од наплатата од реден број 1-5 во износ од 66.862.792,00 денари е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од 85% во вкупен износ од 56.833.372,00 денари. Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од наплатата од МРТВ во износ од 11.380.112,00 денари и со делот од наплатата од кабелски оператори за музички права согласно договорите за реемитување на музички содржини како и наплатата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела во износ од 29.745.136,00 денари, паричните средства вратени во 2023 година по завршување на судките постапки во износ од 1.699.459,00 денари, приходи од камати на орочени денарски средства за 2023 година во износ од 919.236,00 денари како и приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во странство во износ од 42.305,00 денари со што прибраните парични средства за распределба за репартиционата 2023 година изнесуваат 100.619.620,00 денари.



Износот на прибраните парични средства за распределба за репартиционата 2023 година се намалуваат со трошоците согласно член 50 од Статутот на ЗАМП кои во 2023 година изнесуваат 3.073.799,00 денари, во кои спаѓаат трошоците за водење на судски постапки (судски такси за започнати судски предмети, трошоци за ЦР, извршители, нотари, вештачења), исплатата за изготвување на ревизорски извештај од овластена ревизорска куќа, со што вкупната основна маса за распределба за репартиционата 2023 година по сите основи изнесува 97.545.821,00 денари

# ИСПЛАТА ОД/КОН СТРАНСТВО

## 2023

Согласно склучените билатерални договори со странски авторски друштва, ЗАМП има добиено парични средства во износ од 3.361.686,00 денари од: APRA-Австралија, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, SOKOJ-Србија, JASRAC-Јапонија, SGAE-Шпанија, TEOSTO-Финска, SAZAS-Словенија, PAM-Црна Гора, HDS ZAMP-Хрватска, SOCAN-Канада, SUISA-Швајцарија, PRS-Англија, ACUM-Израел, BMI-Америка, SOZA-Словачка, UBC-Бразил, AMUS-Босна и Хрцеговина, BUMA-Холандија, OSA-Чешка Република, GEMA-Германија, STIM-Шведска, ARTISJUS-Унгарија, TONO-Норвешка, LATGA-Литванија, SPA-Португалија и ASCAP-Америка.

Во 2023 година ЗАМП изврши исплата кон странските авторски друштва KODA-Данска, JASRAC-Јапонија, APRA-Австралија, SOCAN-Канада, UBC-Бразил, UCMR ADA-Романија, MESAM-Турција, BMI-Америка, SOKOJ-Србија, SAZAS-Словенија, STIM-Шведска, SIAE-Италија, ARTISJUS-Унгарија, SPA-Португалија, HDS ZAMP-Хрватска, PAM-Црна Гора, TEOSTO-Финска,AMUS-Босна и Херцеговина, OSA-Чешка, BUMA-Холандија и АКМ-Австрија, во износ од 7.658.942,00 денари.



# СЕКТОР ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА

Согласно Законот за авторското право и сродните права (Сл. весник на РМ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), ЗАМП надоместоците за користење на авторските дела, ги утврдува со договори со соодветните здруженија на корисници, односно нивните комори кои претставуваат мнозинство корисници од определена дејност или збир на дејности.

Доколку авторскиот надоместок, ЗАМП не може да го определи со договор склучен со корисниците (општ или поединечен), висината на авторскиот надоместок се пресметува согласно Правилник со Тарифа за користење на авторски музички дела (Сл. весник на РМ бр. 153/17).

Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела ги определува условите под кои корисниците (правни или физички лица) можат јавно да соопштуваат, односно објавуваат музички дела што ги штити ЗАМП на територијата на РМ.

Во текот на 2023 година за т.н. мали права издадени се 6160 фактури кон корисници во износ од 111,837,563.оо ден. од кои во тековната година наплатени се 43,974,495.оо ден, односно реализирана наплата од 39,32%.

Како и секоја година така и во тековното работење во 2023 година, ЗАМП се соочуваше со неисполнување на обврските од страна на определен број на корисници, кои и покрај нашите опомени за неисплатени обврски кои им се доставуваа и по неколку пати,покажуваа крајна непослушност, па согласно на тоа бевме принудени авторскиот надоместок да го побаруваме со поведување на постапки за присилна наплата.

Во текот на 2023 год., ЗАМП поведе вкупно 232 постапки за присилна наплата за неплатени фактури со пресметан авторски надоместок, на подрачјето на Апелационите судови во РСМ.

Со поведување на постапки за присилна наплата на заостанатиот долг по основ на неплатен авторски надомест, се соочија корисниците кои уредно и навремено не ја исполнија својата законска обврска за плаќање на авторски надоместок за јавно соопштување на авторски музички несценски дела во објектите во кои се врши пред се угостителска дејност, хотели, маркети, телевизии и радија, организатори на музички настани.

Имено, на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, (основни судови Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Основен граѓански суд Скопје), поведени се вкупно 55 постапки, од кои 52 постапки се завршени, а оние корисници кои го немаат доброволно исплатено долгот по основ на правосилно и извршно решение, за истите се поведени постапки за присилна наплата пред надлежен извршител.

Во тек се 3 судски постапки кои се водат по основ на вложен приговор од страна на должник.

На подрачјето на Апелационен суд Битола (основни судови Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга) поведени се вкупно 86 постапки, од кои 83 постапки се завршени, а за оние кои не го платиле долгот доброволно по правосилно и извршно решение, поведени се постапки за присилна наплата.

Во тек се 3 судски постапки кои се водат по основ на вложен приговор од страна на должник.

На подрачјето на Апелационен суд Кичево (основни судови Кичево и Струга) кон крајот на 2023 година поведени се вкупно 23 постапки, од кои 22 се завршени, а една сеуште е во тек.

На подрачето на Апелационен суд Штип (основни судови Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип), поведени се вкупно 52 постапки, од кои 45 постапки се завршени, а за оние корисници (должници) кои не го платиле долгот доброволно по правосилно и извршно решение, поведени се постапки за присилна наплата.

Во тек се 7 судски постапки кои се водат по основ на вложен приговор од страна на должник.

На подрачјето на Апелационен суд Гостивар (основен суд Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар) поведени се 16 постапки од кои 15 постапки се завршени, а оние корисници кои го немаат доброволно исплатено долгот по основ на правосилно и извршно решение, за истите се поведени постапки за присилна наплата пред надлежен извршител.

Во тек е уште една судска постапка која се води по основ на вложен приговор од страна на должник.



# Сектор за репартиција

Извештајот на секторот за репартиција го опфаќа севкупното работење на овој сектор во 2023 година од областа на распределбата на авторскиот хонорар и тековното работење во рамките на секторот.

Беа обработени програмите доставени од корисниците и програмите од системот за електронска евиденција, се ажурираше и оптимизираше базата на податоци и се направија сите останати подготовки за годишната пресметка.

Согласно Законот за авторското право и сродните права беше извршена пресметката за репартиционата 2022 година во која беа опфатени 2998 домашни автори, а беше реализирана и пресметката за странските здруженија со кои ЗАМП има склучено билатерални договори.

Секторот за репартиција во тековната година изврши и пресметка за домашните автори чии дела биле изведени во странство и за чии изведби биле наплатени авторските надоместоци. Во декември 2023 година беа реализирани исплатите за домашните автори согласно договорите за реципроцитет од следните авторски здруженија: ACUM- Израел, AMUS - Босна и Херцеговина, APRA- Австралија, ARTISJUS - Унгарија, HDS ZAMP- Хрватска, KODA- Данска, PRS - Англија, SOKOJ- Србија, SOZA - Словачка, SUISA- Швајцарија.

Во текот на 2023 година секторот за репартиција ги следеше новите трендови на полето на репартицијата, праксата на друштвата од регионот и новините во работата на CISAC. Стандардните формати кои овозможуваат да се испраќаат и да се примаат извештаите од и за странските авторски здруженија во електронскиот формат CRD беа во употреба, а беа направени и сите потребни измени во спецификациите од новите верзии зададени од CISAC. Беше изготвена и севкупната документација од базите наподатоци со нејзино дополнување и ажурирање.

За програмите на емитувани дела на корисниците беше користен Batch- внес на податоци во рамките на постоечката апликација -Сазек, со што голем дел од процесот на внес беше автоматизиран. Беа преземени сите мерки за одржување и ажурирање на базите на податоци, а тековно беа извршувани и редовните back-up процедури.

Оваа година Годишниот семинар на CISAC се одржа на 16-17.11.2023 година во Будимпешта. Од доменот на репартицијата и дистрибуцијата беа разгледувани прашања поврзани со употребата на музика и документацијата за размена на податоци меѓу друштвата, подобрувања во ISWC системот, праксата со неидентификуваните дела, искуствата и новитетите во Деловните Правила (Binding Resolutions) и измените и подобрувањата на форматите за размена на податоци. Воедно, беше опфатена и темата за воспоставувањето на нова пракса при употреба на мешаните дела и воведување на новиот нод на CIS-Net во кој ќе бидат опфатени друштвата од Балканот.

Во 2023 година се продолжи со користење на софтверот на шпанската компанија за мониторинг - БМАТ за следење на Радио и ТВ станици кои емитуваат на територијата на Р Македонија, а воедно во континуитет се продолжи и со процесот на доставување на аудио записи до БМАТ. За прием на аудио фајлови во ЗАМП беше во употреба системот File Station, при што тековно се дополнува и базата на аудио фајлови за новопријавените дела во ЗАМП.

На веб страната на ЗАМП тековно се дополнуваа и ажурираа податоците од модулот за пребарување на пријавени музички дела и автори од домашниот репертоар на ЗАМП, а во текот на целата година се работеше на ажурирање, дополнување и збогатување на содржините на официјалната веб страна на ЗАМП.

# Сектор за документација и меѓународна соработка

Во текот на 2023 година Секторот за документција регистрираше 72 нови автори и ностители на авторски права, кои потпишале договори, односно пристапиле кон ЗАМП. Исто така, во 2023 година регистрирани и евидентирани се 2690 дела.

Мора да напоменеме дека единствениот начин да се спроведе прецизна распределба на авторските надоместоци е валидната документација. Истата се разменува на меѓународно ниво, преку едитирање на нашите податоци во светската база на автори IPI листа и светската база на дела CIS-Net, кон кои ЗАМП пристапува директно (on-line).

Веќе 27 години ЗАМП успешно работи на взаемното претставување на авторите со странските сестрински авторски друштва. Оваа година ја завршуваме со листа од 54 билатерални договори за мали права и 16 договори за механички права.

***Регионален семинар за одржување на соработката помеѓу Здруженијата за колективна заштита и регулаторните тела, организирана од CISAC и HDS-ZAMP со поддршка на Државниот завод за интелектуална сопственост на Хрватска, Дубровник09.05.2023***

На ден 09.05.2023 година, CISAC и HDS-ZAMP беа домаќини на третиот по ред Регионален семинар за одржување на соработката помеѓу Здруженијата за колективна заштита и соодветните регулаторни тела во Дубровник. На семинарот присуствуваа претставници на Здруженијата од регионот, претставници на нивните регулаторни тела од Хрватска, Србија, Албанија, Црна Гора, Словенија, Македонија и Босна и Херцеговина, како и експерти од областа на авторското право Г-дин Mihaly Ficsor (Central and Eastern European Copyright Alliance), поранешен заменик директор на WIPO и член на Советот за авторски права на Унгарија, Г-дин Митко Чаталбашев (Регионален Директор за Европа, CISAC) и Г-ѓа Романа Матановац Вучковиќ (Професор на Универзитетот во Загреб). Беше потврдена важноста и корисноста од ваквите семинари, со оглед на тоа дека истите секогаш се особен предизвик кој води кон подобар развој и хармонизирање на односите помеѓу Здруженијата и соодветниот регулаторен орган, како и подобра размена на информации, искуства и практики.24-ти

***Регионален состанок, 10 мај 2023 година, Дубровник***

На регионалниот состанок земаа учество:АМУС-Лејла Трнчиќ, Мирза Хајриќ; PAM CG-Божидар Раичевиќ, Борис Гиљановиќ; САЗАС-Марсел Шкерјанц, Ана Вртник, Алеш Козина; СОКОЈ-Сречко Барбариќ, Јован Милошевиќ, Радивој Бркиќ, Јанко Баланџиќ, Павле Павичиќ; ЗАМП Македонија- Борче Нечовски, Весна Стерјовска, Владимир Доневски, Маријана Лапе; ХДС ЗАМП- Ненад Марчец, Даворин Пенц, Јаница Новачиќ Бошњак.

Присутните разменија впечатоци од состанокот одржан претходниот ден во организација на CISAC со логистичка поддршка на ХДС, а кој имаше за цел да ги подобри односите меѓу општествата за колективно остварување на правата и нивните надлежни државни органи. Поединечно ги презентираа активностите, новостите, актуелните настани, проблемите со кои се соочувале во секојдневната работа во периодот помеѓу двете регионални средби.

Сречко Барбариќ (СОКОЈ) ја претстави можноста за заедничко регистрирање на дела во CIS-Net преку регионалниот јазол, што би ни овозможило да имаме усогласени податоци, како и податоци за договорите на издавачот и подиздавачот. На овој начин би можело да се реши прашањето за конфликтите кои се многу изразени при прекуграничното остварување на правата и да се зголеми меѓусебната размена на авторски права.

***Годишен семинар на CISAC- Будимпешта, , 16-17/11/2023***

На тема “Обука за обврзувачки резолуции за музички друштва” во Будимпешта на 16-17 ноември 2023 година се одржа Годишниот Семинар наменет за Здруженијата од Централна и Источна Европа. На семинарот учествуваа 71 претставник на друштва, членки на CISAC, кои застапуваат различни репертоари.

Целта на оваа обука е им помогнете на музичките друштва во регионот да постигнат целосна усогласеност со професионални правила на CISAC и поврзаните обврзувачки резолуции, к добрите практики.

Основните принципи на обрвзувачките правила се во неколку клучни области:

**Транспарентност**

Друштвата треба да обезбедат тековни и точни информации за нивните тековни практики на дистрибуција до сестринските друштва преку интернет страницата на CISAC, поточно во делот на Governance Portal

**Документација**

Суштински податоци потребни за идентификација на музичко дело неопходни за администрирање на правата во тоа музичко дело се

- Имплементирање на IPI број на секој автор
- Доделување ISWC број на секое дело
- Пристапување кон CIS-Net
- Консултација со бази на податоци и други релевантни извори на документација

**Дистрибуција**

- Адаптации и аранжмани

Договорот помеѓу авторот и издавачот му дава право на носителот на под-правото на дел од авторските права со овластена адаптација или аранжман

Кога постои сомнеж или не е можно да се утврди која верзија е користена, сите акумулирани авторски права ќе се распределат на заинтересираните страни за оригиналното дело

Под-текстописецот, аранжманот или подаранжманот има право да добие дел од авторските права само ако се знае дека се користи овластената адаптација или аранжман.

- Клучеви за дистрибуција на подиздавачи

Авторот може да му додели најмногу 50% од авторството на издавачот или подиздавачот на подобјавено дело

Под-издавачите нема да добијат поголем удел отколку што вообичаено би се доделени на оригинален издавач, член на друштвото

Р***еемитирани канали***

Здружението кое лиценцира ќе ги дистрибуира собраните приходи кога е достапна точна, брза и економична дистрибуција врз основа на податоци поврзани и со генеричката и со локалната содржина.

Онаму каде што тоа не е можно, поради недостаток на податоци или прекумерни трошоци, Здружението кое лиценцира може да довери на друго друштво(и) да ја спроведе распределбата на овој приход.

Одбитоците може да се применат и од друштвото кое лиценцира и од друштвото за дистрибуција. Но, не треба да ги надминува трошоците типични за функцијата за лиценцирање или функцијата за дистрибуција.

**Распределба на авторство во мешани дела**

Охридска спогодба

**Изведби на големи концерти**

Брза и ефикасна набавка на сет листи за големи изведби во живо

**Дистрибуција на поединечни сет листи штом ќе се примат**

Дистрибуција во рок од 28 дена од приемот на надоместоците за лиценца од промоторот. Онаму каде што не се можни 28 дена, дистрибуирајте во следната достапна дистрибуција.

Употреба на нова шифра на категоријата на дистрибуција за јасно да се идентификуваат плаќањата за големи изведби во живо

Користење на алатки за известување во живо за снимање и размена на информации во врска со настани

Транспарентност во однос на одбитоците – со цел брза дистрибуција по пониски трошоци

Визијата на ЗАМП Македонија е да напредува во полето на заштитата на авторски музички права, да биде модерна, успешна и транспарентна организација за колективно управување на авторските права како за домашните, така и за странските музички креатори.

**З А М П**
**Директор**
**Борче Нечовски**

